# Институт за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“

**Школа за регионални студии**

## БИЛТЕН, I/31

**26 април 2012**

**СОДРЖИНА:**


1. **Извештај на рецензентската комисија на докторската дисертација на тема: „Свадбената иницијација – традиција и континуитет“ пријавена од страна на кандидатката м-р Биљана Кочишка;**


### 1. Извештај на рецензентската комисија на докторската дисертација на тема: „Свадбената иницијација – традиција и континуитет“ пријавена од страна на кандидатката м-р Биљана Кочишка;

**БР. 07.01/4/4, 24-04-2012 г.**

**До Наставно-научниот совет на**

**Институтот "Евро-Балкан", Скопје**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

на докторската дисертација со наслов:

**„Свадбената иницијација – традиција и континуитет“,**

од м-р Биљана Кочишка

Врз основа на член 37 од Статутот на Институтот „Евро-Балкан“ и член 49 од Правилникот за начинот и постапка за организирање на последипломските студии и стекнување на научни степени магистер на науки и доктор на науки на Институтот „Евро – Балкан“, Наставно-научниот совет на

Институтот „Евро-Балкан" на седмата седница, одржана на 23 март 2012, донесе одлука, заведена под бр. 07.01/1/14 за формирање на Комисија за одбрана на докторската дисертација на тема: „Свадбената иницијација – традиција и континуитет " од кандидатката м-р Биљана Кочишка.

Комисијата во состав: проф. д-р Лидија Стојановиќ – Лафазановска, проф. проф.д-р Весна Матијашевиќ - Покупец, доц. д-р Рубин Земон, доц. д-р Софија Грандаковска и доц. д-р Иванка Апостолова , по проучувањето на дисертацијата, има чест да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидаткат Биљана Кочишка е родена 1969 година во Скопје, Република Македонија, вработена во Градска библиотека „Браќа Миладиновци" Скопје, на работно место – библиотекар за дигитализација.

Диполомирала етнологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје во 1993 година со просек 8,5 и се стекнала со звањето дипломиран етнолог. Во 1996 година се запишала на постдипломските студии по социологија, насока социологија на етничките групи, на Филозофскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд на тема "Етничкиот идентитет на Власите во Македонија" го одбранила во ноември 2004 година, под менторство на проф. д-р Марија Ташева.

Работното искуство е сврзано со културната дејност. Од 2004 година

започнува нејзиниот професионален ангажман во Градската библиотека „Браќа Миладиновци" во Скопје, отпрвин како надворешен соработник, а подоцна откако како постојан работник, кога и биле доделени задачи од доменот на организирање на одредени манифестации, поврзани со книгата и литературата; потоа во одделот за односи со јавноста, организирање на кампањи за популаризација на книгата и сл. Одреден период учествувала во подготовката на списанието „Библиотечен спектар",во издание на Градската библиотека. Од 2008 година поставена е на работното место - библиотекар за дигитализација.

Во текот на работата учествувала во повеќе обуки и конференции во странство, меѓу кои: обука за „Библиотечен менаџмент - примена на новите трендови во работењето на библиотеките во Европа", организиран од Британскиот Совет во Софија, обука за примена на COBISS системот во библиотеките, со што се стекнала со сертификат за управување со базата на податоци во Библиотеката итн.

Остварила и неколку значајни студиски престои, од кои ќе ги наведеме: студиски престој во Манчестер, Велика Британија, каде што се запознала со работењето на библиотеките во градот и неговата околина, студиски престој на библиотеките во Сиетл, САД, каде што го надополнила искуството за библиотечниот менаџмент.

Учествувала во работата на семинари, конференции, работилници и трибини, меѓу кои ќе ги спомнеме: тридневна работилница во организација на Британскиот Совет во Македонија за обука на директорите на библиотеките во Македонија, на која м-р Биљана Кочишка била предавач, 18- та Биенална конференција за лингвистика, литература и фолклор за Балканот и јужнословенските земји, одржана на Универзитетот Вашингтон во Сиетл, како технички соработник на проектот „Светите камења во Македонија", кој бил

претставен на конференцијата итн.

Има познавање на англискиот јазик во пишана и усмена форма, искуство во компјутерско работење со програми за употреба на библиотечна база на податоци, бази на податоци за научни истражувања, програми за скенирање и зачувување на книгите во електронска форма, како и програми за изготвување рекламен матерјал: флаери, покани и сл.

* * *

Докторската дисертација „Свадбена иницијација-традиција и континуитет" е прикажана на 158 страници (односно се состои од 71920 зборови) и илустрирана со фотографии кои сликовито ги презентираат резултатите добиени од теренските истражувања. Првиот дел од темата се базира врз истражувањето на пишана литература, која во голем дел е од странски автори, а секако и домашни автори кои се занимаваат со проблематика од областа на антропологијата, фолклорот, и сродните дисциплини што овозможуваат интердислиплинарен пристап. Во дисертацијата се вклучени повеќе теренски истражувања , главно во скопските населби и села (Сарај, Матка, Шуто Оризари), односно населби во кои мнозинството е население од албанска и ромска етничка припадност. Со таа цел рамката на истражувањето ја опфаќа современата етнологија и урбаната антропологија, наспроти традиционалната етнографија. Застапеноста на современата етнологија во истражувањето овозможува да се земат во предвид, динамиката на културните процеси и улогата на културните симболи во секојдневниот

живот.

Со оглед на тоа што истражувањето се заснова на социокултурната антропологија и сродните емпириски науки кои до сознанието настојуваат да дојдат со теренски истражувања, во овој случај имаме истражување кое се темели на принципите на современите теренски истражувања. Истражувањето е насочено кон сегашноста. Теренот, најчесто е непосредната околина - современото градско секојдневие. Во временска смисла истражувањето е поместено од минатото кон сегашноста, додека во просторна смисла истражувањето е задржано во склоп на сопственото општество, но се преселува од село во град. За таа цел рамката на истражувањето ги опфаќа современата етнологија и урбаната антропологија, наспроти традиционалната етнографија.

Теренскотот истражување е спроведено со интервјуирање на женската популација, која најчесто е инволвирана во подготовките и организирањето на свадбениот обред. Во истражувањето како целна група се семејства во кои живеат две генерации. При спроведување на интервјуата присутни се сите членови на семејството и најчесто се води разговор за тоа како било „во нивно време, а како е денес", со цел да се утврди континуитетот на обредите. Истражувањето има за цел да докаже постоење или непостоење на традиција во свадбените обреди, како и континуитет во одржување на свадбените обреди. Целосната слика што се добива со истражувањето, ни дава можност да согледаме континуитет или дисконтинуитет во обредната активност на современиот човек. Во истражувањето се поставува главното прашање: - Дали модернизацијата ја зафатила и традицијата или пак традиционалното добива

ново значење и нова функција?

Предмет на истражување на оваа дисертација е иницијацијата во делови од Македонија, односно скопските села и населби, Сарај, Матка и Шуто Оризари, како и Галичник од мијачката етнографска целина[1]. Таа е истражувана како обред на премин, и тоа како пубертетска и свадбена иницијација, и нејзината посебна форма на херојска иницијација.

Врз основа на предметот и целта на истражувањето, дисертацијата е структуирана на следниот начин: вовед, прва, втора, трета, четвртта, петта, шестта и седма глава и заклучни согледувања. Покрај воведот, методологијата и теориите, главната суштината на дисертацијата се содржи во петте главни делови:

1. Поимот иницијација како обред на премин и видовите иницијации;
2. Историјатот и развојните облици на иницијацијата;
3. Поимот традиција и ритуал со видови ритуали;
4. Поимот симболизам и односот симболи-иницијација;
5. Пубертетската иницијација како обред на премин, со реликтните и современите форми на пубертетската иницијација; Свадбената иницијација како обред на премин; свадбениот обред со сите негови елементи, како и научно согледување на свадбата како македонски традиционален обред и како современа свадба.

[1] Поради конкретната теренска покриеност на трудот, пожелно е, во случај на публикација на овој труд, да се ревидира насловот.

Во главата насловена: „**Што е тоа иницијација и кој е иницијацискиот пат?**" ,покрај дефинирањето на поимот иницијација и неговото разгледување како обред на премин преку женската и машката иницијација, се поставува и прашањето на иницијацискиот пат, кој го сочинуваат најразновидни обреди , во зависност од типот на иницијација; во вториот дел од главата се опфатени видовите на иницијација ( пубертетска и свадбена), со посебен осврт на херојската иницијација.

Во следната глава е разгледан историскиот развиток на облиците на иницијација, започнувајќи од античките мистерии и митови, во коишто го наоѓаме прапочетокот на иницијациските ритуали, преку средновековните облици на иницијација, истражувана преку реформацијата, учењата за суфизмот, аџилакот како иницијациски пат, повторното воздигање на египетскиот херметизам и учењата на научниците – алхемичари, како и формата на владеење на кралевите и витезите (редот на кралевство и витештво), за да заврши со модерната елита и нивното сфаќање на иницијацијата како духовно издигање - просветлување. Во овој дел има посебен осврт на шаманската иницијација, која во многу елементи потсетува на јуначката иницијација во македонската народна книжевност.

Следната глава е посветена на дефинирањето на поимите традиција, континуитет и обред, со цел да се одредат главните поими во истражувањето. Поимот обред е најчесто споменуван во истражувањето како дејство преку кој се остварува иницијацискиот чин, во истражувањето претставен како обред на премин. Поимот на традицијата има доста поширока концептуална рамка, но во истражувањето дефинирањето на традицијата е во согласност со поимот

континуитет, и затоа е определена како нешто што е старо со генерации и се пренесува од колено на колено. Од таму заклучокот дека „традицијата“, не претставува само културно разбирање на процесите и текстовите кои во заедницата се пренесуваат од една на друга генерација, туку и на оние кои се пренесуваат помеѓу членовите на групата во еден момент од времето.

Бидејќи ова истражување е во согласност со нормите на модерната етнологија и урбаната антропологија, кои имаат за задача да ја истражуваат динамиката на културните процеси, како и улогата на културните симболи во секојдневниот живот, следната глава е посветена на симболизмот и улогата на одредени симболи, како:  вода, јаболко, дрво, прстен, круг, во ритуалот на иницијација.

Последната глава, која е истовремено носечки столб на дисертацијата, е посветена на свадбениот ритуал и неговите форми на изведување, и тоа како традиционален ритуал и современа свадба. Додека досегашниот дел на истражувањето е заснован претежно на истражувања на пишаната литература, овој дел од истражувањето се темели на теренските истражувања на популацијата од урбаната средина, која до пред една генерација своето место на живеење го имала во село. На крајот од истражувањето, преку разгледување на познатата Галичка свадба, која денес претставува туристичка атракција, се дава одговор на главното прашање на истражувањето за постоење на континуите во традиционалниот македонски фолклор.

## З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација „Свадбена иницијација-традиција и

континуитет" претставува самостоен научен труд, јасно и комуникативно напишан. Односот помеѓу теориското и емписриското е избалансиран. Трудот е заснован врз цврста и прилично обемна теориска база, а емпириското се црпи од досегашните искуства и од сопственото искуство, стекнато преку секојдневно сопствено соочување со континуитетот и промените во традицијата, во случајов првенствено свадбената, но и од тернските истражувања, особено при истражувањето, користено при разработката на петтата, носечка глава на оваа дисертација.

Највпечатливиот придонес на овој труд е интердисциплинарниот пристап кон феноменот на иницијацијата, особено на свадбената иницијација, што е и тема на оваа дисертација. Одговорено е на задачатата и целта што беше поставена уште во подготовките за дисретацијата – свадбената иницијација да се согледа од повеќе аспекти (антрополошки, фолклористички, етнолошки ...) и со тоа да биде согледана како целина. Воедно, покрај проучувањето и откривањето на повеќе сегменти од свадбените обреди, што овозможи да не биде занемарен ниту еден од нив, успешно се следени континуитетот и промените. Во многустраноста на пристапот се осврнува и на влијанието на комерцијализацијата на обичаите и нивната улога во развојот на туризмот врз интензитетот, квалитетот и забрзаноста на промените. Сите претпоставки, тврдења и изведени заклучоци претставуваат одговор на истражувачките прашања, што беа поставени уште во идејната скица за оваа докторска дисертација. Таа претставува своевидно сеопфатно четиво за темата на свадбената иницијација, која постапно воведува во проблематиката низ хуманистичко-општестваните аспекти, теории и интердисциплинарни односи.

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на презентацијата , анализата и заклучокот, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација „ Свадбена иницијација-традиција и континуитет" на м-р. Биљана Кочишка и има чест на Советот за научна дејност и последипломски студии на Институтот „Евро-Балкан" да му предложи да ја прифати и да одреди датум за нејзина одбрана.

Скопје, 24.04.2012 г.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Лидија Стојановиќ - Лафазановска с.р.
Проф. д-р Весна Матијашевиќ - Покупец с.р.
Доц. д-р Рубин Земон с.р.
Доц. д-р Софија Грандаковска с.р.
Доц. д-р Иванка Апостолова с.р.